# „Се колнам во Оној, во чии раце е мојата душа, Иса, синот на Мерјем, само што не се спуштил како праведен владетел. Тој ќе го скрши крстот, ќе ја убие свињата и ќе ја поништи џизјата, тогаш ќе се зголеми имотот до таа мерка што никој нема да го прими (како милостина).“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Се колнам во Оној, во чии раце е мојата душа, Иса, синот на Мерјем, само што не се спуштил како праведен владетел. Тој ќе го скрши крстот, ќе ја убие свињата и ќе ја поништи џизјата, тогаш ќе се зголеми имотот до таа мерка што никој нема да го прими (како милостина).“
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, се заколнал дека е близу симнувањето на Иса ибн Мерјем, алејхи селам, кој ќе владее со луѓето праведно и со Мухамедовиот верозакон. Тој ќе го скрши крстот кого го величаат христијаните. Потоа Иса, алејхи селам, ќе ја убие свињата. А после тоа тој, алејхи селам, ќе ја поништи џизја и ќе биде причината сите луѓе да станат муслимани. Богаството ќе се зголеми до толку што никој нема да го прифати: заради обемноста и никому нема да му треба повеќе отколку што веќе поседува и ќе се спуштат многу благодати и бројни добра.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65025